**Влада на Република Северна Македонија**

Скопје, 28 јануари 2025 година
Бр. 50- 1115/1

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, што го утврди на седницата, одржана на 28 јануари 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

**Заменик на претседателот на**
**Владата на Република**
**Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Подготвил: м-р Љубомир Кукоски, советник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и

м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација

ПОВЕРЕНИЦИ: Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и

Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација

Предлог на закон
за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации

Скопје, јануари 2025 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 153/19, 92/21 и 222/24) се уредуваат условите и начинот за обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и јавни електронски комуникациски услуги во Република Македонија, поттикнување на развојот на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги во Република Македонија, со цел да се обезбеди економски и социјален развој, поттикнување на користењето и развојот на широкопојасен пристап до услуги (broadband), заштита на правата на корисниците, вклучувајќи ги крајните корисници со инвалидитет и крајните корисници со посебни социјални потреби, обезбедување на ефикасна и одржлива конкуренција на пазарот за електронски комуникации, обезбедување на универзална услуга, ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар и нумерацијата, унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи и обезбедување на доверливост на комуникациите.

Сегашните состојби во областа на електронските комуникации покажуваат значителни предизвици во справувањето со нелегалното приредување игри на среќа преку интернет платформи. Оваа појава е особено распространета и има сериозни негативни ефекти врз младите, кои се најподложни на зависност од коцкање, како и врз економијата поради одлив на девизни средства кон странски компании.

Причините за донесување на предложените измени на Законот за електронските комуникации лежат во потребата за создавање ефикасна правна рамка што ќе овозможи ограничување на пристапот до платформите кои работат спротивно на законските одредби.

Предложените измени и дополнувања на Законот за електронски комуникации, особено новите одредби во член 114, ќе овозможат:

Забрана на пристап до нелегални интернет платформи преку јавни електронски комуникациски мрежи. Прецизна регулација и транспарентност преку објавување на листа на забранети услуги и апликации, како и зајакнување на механизмите за контрола и надзор над прекршувањата.

Со ова, Предлогот на закон ќе овозможи намалување на негативните социјални, економски и психолошки влијанија од нелегалното онлајн коцкање и ќе создаде правна основа за поефикасно справување со оваа појава.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации е воспоставување ефикасен правен механизам за ограничување на пристапот до нелегалните интернет платформи за приредување игри на среќа. Ова вклучува заштита на граѓаните, од негативните последици од зависноста од игри на среќа, намалување на економскиот одлив на средства кон странство и јакнење на законската рамка за дигиталните комуникации. Начела: законитост, транспарентност, пропорционалност и заштита на општествените интереси.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ

Член 1

Во Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 153/19, 92/21 и 222/24) Глава петта ПРЕКРШОЧЕН ОРГАН и членовите 50, 51 и 52 се бришат.

Член 2

Во член 114 по ставот (1) се додаваат пет нови става (2), (3), (4), (5) и (6) кои гласат:

„(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, пристапот до и користењето на услуги и апликации преку јавните електронски комуникациски мрежи од ставот (1) на овој член може да се ограничи и во случаи на нелегално приредување игри на среќа преку интернет страна или интернет апликација доколку:

- до интернет страната или интернет апликацијата може да се пристапи од територијата на Република Северна Македонија, која има содржина на било какви активности за приредување игри на среќа, лотариски игри на среќа, спортско обложување, казино во живо, електронски игри на среќа или било која друга содржина поврзана со приредувањето игри на среќа и

- на носителот на интернет страната или интернет апликацијата од алинеја 1 на овој став не му е издадена лиценца за приредување игри на среќа односно нема право да приредува интернет игри на среќа согласно закон.

(3) Трговското друштво во државна сопственост за приредување на игрите на среќа во кое Република Северна Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина, на месечно ниво до Министерството за дигитална трансформација доставува податоци за приредувачите на игри на среќа кои ги исполнуваат условите од ставот (2) на овој член.

(4) Врз основа на податоците од ставот (3) на овој член, Министерството за дигитална трансформација во рок од 15 дена од денот на добивањето на податоците доставува налог за ограничување на пристапот до и користењето на услуги и апликации преку јавните електронски комуникациски мрежи од ставот (2) на овој член до Агенцијата, која во рок од пет дена од денот на добивањето на налогот го доставува истиот до операторите на електронски комуникациски мрежи за спроведување.

(5) Формата и содржината на налогот од ставот (4) на овој член, како и начинот на спроведување на истиот ги пропишува министерот за дигитална трансформација.

(6) Листата на услуги и апликации до кои е ограничен пристапот преку јавни електронски комуникациски мрежи согласно ставот (2) на овој член ја објавува Агенцијата на својата веб страница.“.

Ставот (2) станува став (7).

Член 3

Во член 182 став (1) точката 35) се менува и гласи:

„го ограничи пристапот и/или користењето на услуги и апликации спротивно на членот 114 став (1) од овој закон;“.

По точката 35) се додава нова точка 35-а) која гласи:

„35-а) не постапи по налогот од член 114 став (3) од овој закон;“.

Член 4

Во членот 186-а зборовите „членовите 179, 180 и 181 од“ се бришат.

Член 5

Започнатите постапки пред Комисијата за одлучување по прекршок до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат пред надлежен суд согласно одредбите од овој закон и Законот за прекршоците.

Член 6

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации е систематизиран во 7 члена.

Со член 1 се брише Глава Пет и членовите 50, 51 и 52 заради усогласување со Законот за прекршоците во однос на постапувањето по прекршоците.

Со член 2 се врши изменување и дополнување на член 114 со додавање на пет нови става со кои се ограничува пристапот до користењето на услуги и апликации преку јавните електронски комуникациски мрежи во случаи на нелегално приредување игри на среќа преку интернет страна или интернет апликација, во согласност со закон. Се уредува донесување на подзаконски акт со кој ќе се регулира формата, содржината и начинот на постапување во однос на налогот за ограничувањето на пристапот до користење на услуги и апликации преку јавните електронски комуникациски мрежи. Со ставот (6) се уредува објавување на Листата на услуги и апликации до кои е ограничен пристапот преку јавни електронски комуникациски од страна на Агенцијата за електронските комуникации.

Со член 3 се уредуваат прекршочните одредби во случаи кога операторот не би постапувал по налогот од став (3) од член 114.

Со член 4 се бришат зборовите „ членови 179, 180 и 181 од“ од член 186-а.

Со член 5 се уредува дека започнатите постапки пред Комисијата за одлучување по прекршок ќе продолжат пред надлежен суд согласно одредбите од овој Предлог на закон и Законот за прекршоците.

Со член 6 уредува донесувањето на подзаконскиот акт во рок од 90 дена од стапување на сила на овој закон.

Со член 7 се уредува влегувањето во сила на Предлогот на закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се воспостави ефикасен правен механизам за ограничување на пристапот до нелегалните интернет платформи за приредување игри на среќа.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ:

ПРЕКРШОЧЕН ОРГАН

Надлежност за прекршок

Член 50

(1) За прекршоците определени во членовите 180 и 181 од овој закон надлежен прекршочен орган е надлежниот суд.
(2) За прекршоците определени во членовите 182, 183, 184 и 185 од овој закон надлежен прекршочен орган е Агенцијата.
(3) Прекршочната постапка пред Агенцијата ја води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за одлучување по прекршок формирана со решение донесено од директорот на Агенцијата.
(4) Комисијата за одлучување по прекршок се состои од три члена од редот на вработените во стручната служба на Агенцијата. Членовите на Комисијата треба да имаат високо образование од правните науки и работно искуство од најмалку три години во обласпа од кои еден е дипломиран правник со положен правосуден испит кој е претседател на Комисијата.
(5) Мандатот на членовите на Комисијата за одлучување по прекршок е со времетраење од три години со право на повторен избор.
(6) Покрај членовите на Комисијата за одлучување по прекршок, директорот на Агенцијата може да определи секретар на Комисијата кој врши административни работи за Комисијата и заменици членови, кои по исклучок, учествуваат во работата на Комисијата во случај на отсуство на некој од членовите.
(7) Начинот на работа на Комисијата за одлучување по прекршок, водењето на евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки, како и начинот на пристап до информациите кои се содржани во евиденцијата, се уредува со Деловник за работа на Комисијата за одлучување по прекршок што го донесува директорот на Агенцијата.
(8) Против решенијата на Комисијата за одлучување по прекршок со кои се изрекува прекршочна санкција може да се поведе управен спор.
(9) Член на Комисијата за одлучување по прекршок може да се разреши:
1) со истекот на времето за кое е именуван;
2) по негово барање;
3) со исполнување на условите за старосна пензија согласно со закон;
4) ако биде осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци;
5) ако му се утврди трајна неспособност;
6) ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочната постапка со правосилна одлука;
7) ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во Комисијата за одлучување по прекршок или
8) ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случај за кој решава Комисијата за одлучување по прекршок.

(10) Предлог за разрешување на член на Комисијата за одлучување по прекршок за случаите од ставот (9) точки од 3 до 8 на овој член поднесува претседателот на Комисијата до директорот на Агенцијата.
(11) Комисијата за одлучување по прекршок има право да изведува докази и да собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и презема дејствија утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и/или со друг закон.
(12) Членовите на Комисијата за одлучување по прекршок се самостојни и независни во работата на Комисијата и одлучуваат врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.
(13) Комисијата за одлучување по прекршок работи во совет, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.
(14) Комисијата за одлучување по прекршок води единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки на начин утврден во Деловникот за работа на Комисијата за одлучување по прекршок.
(15) Евиденцијата од ставот (14) на овој член ги содржи следниве лични податоци име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), место и датум на раѓање, место на живеење, улица и број, адреса на привременото престојувалиште, занимање, државјанство, ако физичкото лице е странец, тогаш наместо ЕМБГ број на патната исправа, а за одговорно лице во правното лице и функцијата што ја врши во тоа правно лице. Рокот на чување на личните податоци е пет години од денот на правосилноста на одлуката на изречената санкција.

Порамнување

Член 51

Пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоците утврдени во членовите 182, 183, 184 и 185 од во овој закон се спроведува постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.

Застареност

Член 52

(1) Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат три години од денот кога е сторена повредата на некое право загарантирано со овој закон.
(2) Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога се дознало за повредата на некое право загарантирано со овој закон.
(3) Застарувањето не тече за времето за кое според законот гонење не може да започне или да продолжи.
(4) Застарувањето се прекинува со секое процесно дејствие што се презема заради гонење на сторителот на повредата. Застарувањето се прекинува и кога сторителот во времето додека тече рокот на застареноста стори, исто така, тежок или потежок прекршок. По секој прекин застарувањето започнува повторно да тече.
(5) Застареност на прекршочното гонење настанува во секој случај кога ќе измине два пати онолку време колку што според закон се бара за застареност на прекршочното гонење.

Ограничување на пристап до и користење на услуги и апликации

Член 114

(1) Пристапот до и користењето на услуги и апликации преку јавните електронски комуникациски мрежи може да се ограничи само врз основа на судска одлука во случаи утврдени со посебен закон.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член не се однесува на правото на операторот да го ограничи пристапот до и користењето на услуги и апликации под услови утврдени со овој

Член 182

(1) Глоба во износ од 10.000 до 20.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:

1) не овозможи непречено вршење на надзор или не ги даде сите информации и податоци потребни за вршење на надзорот (член 40 став (1));

2) не обезбеди услови неопходни за непречена работа или утврдување на фактичката состојба (член 40 став (2));

3) не овозможи во определениот рок пристап до просториите или документите што се предмет на надзорот (член 40 став (3));

4) во постапката на вршење на надзор не ги исполни обврските од членот 42 од овој закон;

5) на барање на Агенцијата не и ги достави информациите на ниво на деталност или во рокот утврден во барањето (член 55 став (4));

6) одржувањето на јавните електронски комуникациски мрежи и придружните средства не се врши на начин утврден во членот 62 став (3) од овој закон;

7) деловна или станбена зграда не е планирана или изградена на начин утврден во членот 63 од овој закон;

8) на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа не му овозможи пристап до физичката инфраструктура под фер услови, рокови или цени (член 66 став (1));

9) во рок од еден месец од денот на приемот на писменото барањене од кој било оператор, на истиот не му обезбеди пристап до минималните информации, или не го обезбеди пристапот под пропорционални, недискриминаторски или транспарентни услови (член 67 став (4));

10) на оператор не му овозможи увид на самото место на елементи од неговата физичка инфраструктура, во рок од еден месец од денот на приемот на писменото барање или не ги почитува начелата на пропорционалност, недискриминација или транспарентност (член 67 став (5));

11) на оператор не му ги стави на располагање минималните информации кои се однесуваат на тековни или планирани градежни работи, согласно со членот 67 став (6) од овој закон;

12) не ги обезбеди бараните информации, во рок од 60 дена од денот на приемот на писменото барање, не ги обезбеди под пропорционални, недискриминаторски или транспарентни услови, или истите не и ги направи достапни на Агенцијата (член 67 став (7));

13) не овозможи пристап до точката за концентрација на зградата согласно со членот 69 став (1) од овој закон;

14) на Агенцијата не и достави информации за реализацијата на пристапот согласно со членот 69 став (5) од овој закон;
15) не ги исполни обврските за заедничко користење на иста локација (колокација) или заедничко користење на мрежни елементи и придружни средства согласно со членот 75 ставови (1) и (2) од овој закон;
16) на Агенцијата не и достави информации во врска со планираните градежни работи согласно со членот 75 став (5) од овој закон;
17) цените на поединечните услуги опфатени со универзалната услуга не се еднакви на целата територија на Република Македонија (член 99 став (2));
18) цените на поединечните услуги опфатени со универзалната услуга не ги објави на својата веб страница и/или на начин на кој ќе бидат достапни на јавноста (член 99 став (6));
19) на своите претплатници не им обезбеди можност за контрола на трошоците согласно со членот 100 став (2) од овој закон;
20) на своите претплатници не им издаде детална сметка, согласно член 101 од овој закон;
21) не ги исполни параметрите за квалитет согласно со членот 103 став (1) од овој закон;
22) договорот за приклучок и користење на јавни комуникациски мрежи и/или јавно достапни електронски комуникациски услуги не ги содржи податоците од членот 107 ставови (1), (2) и (4) од овој закон;
23) податоците ги користи за намени различни од оние утврдени во членот 107 став (6) од овој закон;
24) податоците не ги чува согласно со членот 107 став (7) од овој закон;
25) не води евиденција за сите воспоставени претплатнички односи согласно со членот 107 став (8) од овој закон;
26) не објавува транспарентни, соодветни или ажурирани информации, согласно со членот 108 ставови (1), (3) и (4) од овој закон;
27) јавно не објавува споредливи, соодветни или ажурирани информации за квалитетот на неговите услуги или за преземените мерки за обезбедување еквивалентност во однос на пристапот на крајните корисници со инвалидитет, или пред да ги објави овие информации не и ги достави на Агенцијата (член 109 ставови (1) и (2));
28) не обезбеди услови за контрола и мерење на параметрите за квалитет на јавните комуникациски услуги (член 109 став (3));
29) не обезбеди определен минимален квалитет на услуга, согласно со задолжението од Агенцијата (член 109 став (4));
30) не ги извести своите претплатници, бесплатно и пред да бидат вклучени во телефонски именик, за целта на печатениот или електронскиот телефонски именик, или за сите натамошни можности за употреба на нивните лични податоци (член 112 став (5));
31) ги вклучил своите претплатници или објавил лични податоци на своите претплатници во телефонските именици и телефонските служби за информации без претходно добиена согласност за тоа (член 112 став (6));
32) не му обезбеди можност на претплатникот, бесплатно да ги промени или дополни личните податоци, или да ја отповика согласноста за негово вклучување во телефонски именици и телефонски служби за информации (член 112 став (7));
33) ги довел корисниците на услугите во заблуда со давање на погрешни или невистинити информации или со прикривање на важни информации (член 113 став (1));

34) на почетокот на секој повик кон услугата со додадена вредност не обезбеди најава за цената на повикот или за почетокот на наплатата, или не овозможи прекин на повикот по најавата во разумен рок, а пред започнувањето на наплатата на повикот (член 113 став (2));
35) го ограничи пристапот и/или користењето на услуги и апликации спротивно на членот 114 од овој закон;
36) изврши привремено ограничување или прекин на пристап, спротивно на членот 115 од овој закон;
37) не обезбеди можност на бесплатен пристап до броевите на службите за итни повици или единствениот европски број за итни повици “112“ согласно со членот 117 ставови (1) и (2) од овој закон;
38) на телото надлежно за примање на повици кон единстениот европски број за итни повици “112“ не му ги достави, без надоместок, сите расположливи податоци за остварените повици кон бројот “112“ (член 117 став (4));
39) со повиците кон бројот “112“ не постапува на ист начин, како и со другите повици кон броевите на службите за итни повици кои се уште се користат во Република Македонија (член 117 став (5));
40) не овозможи воспоставување на сите повици кон броевите од серијата на броеви која започнува со бројот “116“ согласно со членот 119 од овој закон;
41) не работи во согласност со одобрението за користење на радиофреквенциите (член 142 став (1));
42) им доделува броеви и/или серии на броеви на обезбедувачи на други услуги без склучен договор или без да го почитува начелото на недискриминација (член 151 став (8)) и
43) за повиците кон службите за итни услуги не постапи во согласност со членот 172 став (3) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице и трговец-поединец за прекршоците од ставот (1) на овој член.
(3) Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорно лице во правно лице и овластено службено лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

Член 186-а

За прекршоците утврдени со членовите 179, 180 и 181 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Република Северна Македонија

Министерство за дигитална трансформација

## ИЗЈАВА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРОПИСОТ СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА СО КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА

| |
|---|
| **1. Правен пропис** |
| 1.1. Назив на прописот |
| **Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации**<br><br>**Draft Law on amending the Law on Electronic Communication** |
| 1.2. Предлагач |
| Министерство за дигитална трансформација |
| 1.3. ЕПП број |
| Овој предлог закон не е предмет на усогласување со правото на ЕУ, туку во истиот се вршат соодветни изменувања и дополнувања коишто се од национален карактер, а Законот за електронските комуникации е усогласен со правото на ЕУ согласно Изјавата за усогласеност со овој Закон, со ЕПП број 2010.0200.6392 |
| 1.4. Број и назив на поглавјето од правото на ЕУ согласно Националната програма за усвојување на правото на ЕУ |
| |

| |
|---|
| **2. Усогласеност на предлогот на прописот со одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки** |
| 2.1. Одредба од Спогодбата која се однесува на нормативната содржина на прописот |
| |
| 2.2. Дали правниот пропис е во согласност со одредбите од Спогодбата |
| ☐ Да ☐ Не |
| 2.3. Причини за неисполнување, односно делумно исполнување на обврските кои произлегуваат од наведените одредби на Спогодбата |
| |

| | |
|---|---|
| **3. Усогласеност на предлогот на прописот со изворите на правото на Европската унија** | |
| 3.1.Одредби на примарните извори на правото на ЕУ | |
| 3.2. Степен на усогласеност со секундарните извори од правото на ЕУ | |
| ЕУ пропис -CELEX бр. | ☐ потполна усогласеност ☐ делумна усогласеност ☐ неусогласеност |
| ЕУ пропис -CELEX бр. | ☐ потполна усогласеност ☐ делумна усогласеност ☐ неусогласеност |
| 3.3. Причини за делумна усогласеност или неусогласеност со секундарните извори на правото | |
| 3.4. Усогласеност со останати извори на правото на ЕУ | |
| 3.5. Рок во кој е предвидено постигнување на потполна усогласеност на предлогот на прописот со правото на Европската унија | |
| 3.6. Кореспондентна табела (прилог) | |

| | | |
|---|---|---|
| **4. Превод на изворите на правото на Европската унија и правниот пропис** | | |
| 4.1. Дали горенаведените извори на правото на ЕУ се преведени на македонски јазик и ако се преведени, наведете го изворот на преводот. | | |
| ☐ ДА | Верзија МК | ☐ НЕ |
| Извор: Доколку преводот не е извршен од страна на Секретаријатот за европски прашања тој задолжително треба да се достави до Секретаријат за европски прашања | | |

Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

| |
|---|
| 4.2. Достапност на преводот на изворите на правото на ЕУ |
| |
| 4.3. Дали предлог прописот е преведен на англиски јазик?<br>☐ ДА ☐ НЕ |
| 4.4. Достапност на преводот на предлог прописот |
| |

| |
|---|
| **5. Стручна помош и мислење**<br>**(Европска комисија, КАРДС, ИПА, TAIEX, SIGMA, држава членка на ЕУ, Совет на Европа, домашни стручњаци и др.)** |
| 5.1. Учество на техничка помош и консултанти во изработката на предлогот на прописот |
| |
| 5.2. Дадено мислење за усогласеноста на прописот |
| |

| | |
|---|---|
| **Раководител на надлежниот сектор** | |
| Име и презиме: | **Љупка Ивановски** |
| Звање и работно место: | Раководител на сектор за нормативно правни работи |
| Потпис: | |
| Датум: | 29.01.2025 година |
| **Раководно лице/функционер во органот изработувач на правниот пропис** | |
| Име и презиме: | **Гордана Клинчарова**, државен секретар |
| Потпис: | |
| Датум: | 29.01.2025 година |
| **Раководно лице/функционер во органот предлагач на правниот пропис** | |
| Име и презиме: | **Стефан Андоновски**, министер за дигитална трансформација |
| Потпис: | |
| Датум: | 29.01.2025 година |